Врз основа на член 132 став 14 од Законот за основното образование (Службен весник на РМ број (103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03 и 18/0711/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), градоначалникот на Општината Штип донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА
ООУ„ВАНЧО ПРКЕ" ШТИП

1. За директор на ООУ„Ванчо Прке" – Штип **се избира** Методи Папаров од Штип.

2. Директорот **Методи Папаров** се избира врз основа на предлогот на Училишниот одбор на ООУ„Ванчо Прке" Штип број 02-744/2 од 12.06.2018 година.

3. Директорот ќе ја врши функцијата директор сметано од 13.06.2018 година. Мандатот на директорот трае 4 (четири) години со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

Образложение

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Со член 132 став 1 од Законот за основното образование (Службен весник на РМ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14 116/14, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) се утврдува дека директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

Со член 128 став 6 од истиот закон е утврдено дека Мандатот на директорот трае 4 (четири) години со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.

На ден 13.06.2018 година до градоначалникот на Општина Штип е доставен предлог од Училишниот одбор на ООУ„Ванчо Прке" Штип за избор на директор, број

02-744/2 од 12.06.2018 со кој за директор на училиштето се предлага Методи Папаров.

Согласно член 132 став 14 од истиот закон, Градоначалникот, во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот избира еден кандидат за директор за основно училиште.

Имајки го предвид напред наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2929/3
13.06.2018 година

Општина Штип
Градоначалник

Благој Бочварски